**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 25.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 26.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/237
26.08.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни Пожари*

**РЦУК – Струмица,** известува дека пожарот на **планината Готен** во реонот на **селата Покрајчево** и **Злеово** е **активен.** Во текот на ден 25.08.2019 година во гаснењето учествувале 10 пожарникари со 2 теренски возила од ТППЕ Радовиш и 30 вработени и 5 тренески возила од ПШС Плачковица.

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ШС Галичица** известуваат дека во атарот на **с.Опеница** и **с.Расино м.в. Јасика** има шумски пожар каде гори борова шума. Пожарот е ставен под контрола. Ангажирани биле околу 40 луѓе од ШС Галичица, ШС од Кичево и ШС Ресен, со специјализирани возила за гасење, 10 пожарникари со 3 ПП возила од ТППЕ Охрид како и два авиони на ДЗС.

### *1.2 Останати пожари*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **БППЗ на Град Скопје** во која се наведува дека во изминатото денонoќие ги имала следните интервенции и тоа: Во период од 22:20 часот на 24.08.2019 до 10:30 часот на 25.08.2019 интервенирале за гаснење запалена мешана шума во атар на **с. Моране**, на површина од околу 20 хектари. Интервенирале со 1 ПП возило и 4 пожарникари.(**опш. Студеничани** ); Во периодот од 12:15 до 14:15 часот интервенирале за гаснење запалени сува трева и отпадоци на локација кај **с. Бардовци** на површина од околу 20.000 m$^2$. Интервенирале со 2 ПП возила и 4 пожарникари,(**опш. Карпош** ); Во периодот од 16:20 до 19:00 часот е интервенирано за гаснење запалена сува трева на локација кај с. Арнакија на површина од околу 2 хектара. Интервенирано е со 2 возила и 6 пожарникари, (**опш. Сарај** ); Во периодот од 19:55 до 23:05 часот е интервенирано за гаснење запалена сува трева и стрниште на локација кај Визбегово на површина од околу 20 хектари. Интервенирано е со 1 возило и 3 пожарникара. (**опш. Бутел** );

БППЗ на Град Скопје имале уште 5 помали интервенции на запалена сува трева и ѓубриште на различни локации во градот и околината.

**РЦУК – Струмица,** известува дека **ТППЕ Радовиш** во период од 20:40 до 06:00 часот интервенирале на запалена сува трева над **с.Злеово м.в Шириниите** во гаснењето на пожарот интервенирале со 1 ПП возила и 5 пожарникари.

**ТППЕ Валандово** имале една помала интервенција на запалена сува трева и лисја на **с. Башибос.** Во гаснењето на пожарот интервенирале со 1 ПП возила и 2 пожарникари.

**РЦУК – Охрид**, ја пренесува информацијата од ШС Сандански од Македонски Брод, во која се наведува дека пожарот во атар на **с.Девич**, општина Македонски Брод е целосно изгаснат.

**РЦУК – Велес**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Вел**ес, во која се наведува дека во период од 12:00 до 18:00 часот, интервенирале на запалено стниште, сува трева, смрека и нискостеблеста деградирана шума на површина од 15 хектари во близина на **с.Ораовец**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 18 пожарникари со 4 ПП возила и 4 лица од ЕЛС Чашка. Во период од 12:30 до 14:00 часот, со 3 пожарникари и 1 ПП возило интервенирале на запалена сува трева во близина на гробиштата во атар на **с.Црквино**. ТППЕ Велес имале уште една помала интервенција на запалено патничко моторно возило во градот Велес.

**РЦУК – Штип,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Виница** во која се наведува дека во период од 17:40 до 20:00 часот, со 4 пожарникари и 1 ПП возило интервенирале на запалено стрниште и сува трева во атар на **с.Грлани.**

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Куманово** во која се наведува дека во период од 16:00 до 17:40 часот, со 3 пожарникари и 1 ПП возило интервенирале на запалена штала во **с.Отља**. ТППЕ Куманово имала уште 4 интервенции на запалена сува трева и ѓубре на различни локации во градот и околината.

## 2. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *2.1 Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје, ја пренесува информацијата од ЈКП Водовод и канализација во која се наведува дека на ден 26.08.2019 година (понеделник), заради инсталирање затворачи за парцијален прекин во водоснабдувањето, односно само во деловите каде што евентуално би се појавил дефект, во периодот од 07:30 часот до завршување на**

**интервенцијата, без вода ќе останат корисниците од целата населба Лисиче. Со ова инсталирање на такви затворачи известуваат дека ќе се надмине досегашниот проблем за прекин на водоснабдувањето во целиот реон.** (опш. Аеродром)

**На ден 26.08.2019 година (понеделник), заради дефект на ППХ од ф – 80 мм на ул. Индира Ганди б.б, во периодот од 09:00 часот па се до отстранување на дефектот, без вода ќе останат дел од корисниците од ул. Индира Ганди.** (опш. Шуто Оризари)

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард** од Дебар во која се наведува дека во период од 13:00 до 16:00 часот, во градо Дебар има рестрикции во снабдување со вода за пиење.

*2.2. Производство на електрична енергија*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во Застој (01:40 часот. 25.08.2019г.)
**ТЕ – 2** работел со снага од 200 MW, додека **ТЕ – 3** работел со снага од 210 MW.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 156.000 квч електрична енергија.

*2.3. Нарушување на сообраќајот*

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:30** часот на ден **26.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Од денес 26.08.2019 со почеток од 07:00 часот ќе започне со работа наплатна станица Гевгелија.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. На граничните премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до **01.09.2019 година** и истата важи за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури на територијата на Република Северна Македонија, во периодот од 12:00 до

19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

**3. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА**

***3.1 Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза***

**ВРЕМЕТО ДЕНЕС**

Променливо облачно, претпладне со повеќе сончеви периоди, а попладне претежно во северните делови со локален пороен дожд и грмежи. Т-мин. од 12 до 21 а т-макс. од 30 до 39 степени. УВ=7
Во Скопје, претпладне сончево со мала до умерена облачност, попладне со услови за локален пороен дожд и грмежи. Т-ра 20 / 37 степени.

**ВРЕМЕТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ**

До вторник (27.08.) претежно во попладневните часови ќе има зголемување на облачноста со локален пороен дожд, грмежи и засилување на ветерот. Локално процесите ќе бидат поинтензивни во форма на невреме со појава на град. Од среда следи период на стабилно, не особено топло и суво време..

***3.2. Минирање***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Рудници Бањани** најавија дека од 20.08.2019 година до 31.08.2019 година, само во работни денови, од нивна страна ке бидат изведени по две минирања во периодот меѓу 09.00 и 10.00 часот како и меѓу 13,00 и 14.00 часот во „**Каменоломот Бањани**".

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Северна Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.237 од 25/26.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/237 од 25.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Вонредна информација од РЦУК Охрид бр.16-3/283 од 25.08.2019; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/509 од 25.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/284 од 25.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-1/237 од 25.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/236 од 25.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/332 од 25.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-257 од 24.08.2019 со Податоци за состојба со водите;Информација од МЖСПП од 22.08.2019; Најава за планирани прекини од ЕВН од 22.08.2019; Временска прогноза, Дневна хидролошка состојба и Информација од УХМР од 25.08.2019; Известувања од АМСМ од 25/26.08.2019.

**Подготвил:** Даниел Крстевски
**Прегледал:** Петре Наков

**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива